**4294.**

Врз основа на член 54 став (6) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА НА ЕВАЛУАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА РЕАЛНО НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ, КАКО И НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА И ОБЕМ НА ИЗВРШЕНА РАБОТА**

Член 1

Во Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 92/21), во член 6 во ставот 1 по зборовите: „4.500,00 денари“ се додаваат зборовите: „во нето износ“ и по зборовите: „9.000,00 денари“ се додаваат зборовите: „во нето износ“.

Во ставот 2 по зборовите: „3.000,00 денари“ се додаваат зборовите: „во нето износ“ и по зборовите „6.000,00 денари“ се додаваат зборовите: „во нето износ“.

Во став 3 во алинејата 1 по зборовите: „600 евра“ се додаваат зборовите: „во нето износ“.

Во алинејата 2 по зборовите: „500 евра“ се додаваат зборовите: „во нето износ“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-11920/1 | Претседател на Владата |
| 30 ноември 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |